РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1108/4
14.05 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на шеснаесеттата седница одржана на ден 10 мај 2019 година донесе

## Одлука

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино постапување во предметот со број 09-1108/1 од 07.03.2019 година, бидејќи лицето Нертила Усеини Каба, вработена во АД ЕЛЕМ, шуранајка на Министерот за економија Крешник Бектеши, не е блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-1108/1 од 07.03.2019година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-1108/1 од 07.03.2019година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува на постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Нертила Усеини Каба, вработена во АД ЕЛЕМ, шуранајка на Министерот за економија Крешник Бектеши, по што согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, ДКСК иницира и поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за при вработувањето на лицето Нертила Усеини Каба.

На шеснаестта седницата одржана на ден 10 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи , Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека ДКСК нема надлежност за постапување, бидејќи согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, лицето Нертила Усеини Каба, шуранајка на Министерот за економија Крешник Бектеши, не е блиско лице на именуваното лице.

Имено, согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под поимот „блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk